**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# БЕЗБЕДНОСТ И РЕГУЛИРАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**III ГОДИНА**

## СООБРАЌАЈНА СТРУКА

***Техничар за патен сообраќај***

**Скопје, 2007 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: БЕЗБЕДНОСТ И РЕГУЛИРАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

## 1.2. Образовен профил и струка

**1.2.1. Образовен профил:** техничар за патен сообраќај

**1.2.2. Струка:** сообраќајна

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

**1.3.1.** Предмет карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет:** трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет :** задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по наставниот предмет ***безбедност и регулирање на патниот сообраќај*** ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да ја толкува улогата на законските прописи за безбедноста во патниот сообраќај;
- да ги познава прописите кои се поврзани со безбедноста во патниот сообраќај;
- да ги познава сообраќајните знаци, светлосните сообраќајни знаци и знаците што ги даваат овластените лица;
- да ја објаснува потребата од познавањето на сообраќајните правила и прописи како предуслов за безбеден сообраќај;
- да ја познава улогата на човекот, возилото и патот како основни фактори за безбедноста во сообраќајот;
- да ги опишува прописите кои се поврзани со возачот, возилото и патот;
- да ги објаснува должностите на возачот и лицата кој учествувале во сообраќајна незгода;
- да ја опишува одговорноста што ја имаат возачите при управување со моторни возила;
- да развива чувство за почитување на сообраќајните правила и прописи како гаранција за уреден и безбеден сообраќај.

## 3.ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставата по безбедност и регулирање во патниот сообраќај, односно постигнување на поставените цели, потребни се предзнаења од предметите експлоатација на патните возила, основи на сообраќај, сообраќајна инфраструктура и превозни средства.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темат. целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. БЕЗБЕДНОСТА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ** | **8** | Ученикот:<br>- да ги познава прописите врз база на кои се регулира патниот сообраќај;<br>- да ги познава обврските и задачите на учесниците во сообраќајот;<br>- да го објаснува значењето на одделни изрази кои се употребуваат во прописите за безбедноста во сообраќајот:<br>• учесници во сообраќајот;<br>• возила во патниот сообраќај ;<br>• патишта и нивните површини;<br>• други изрази. | - Укажување на прописите кои се од посебно значење за безбедноста во патниот сообраќај;<br>- објаснување на општите обврски и задачи на учесниците во сообраќајот;<br>- демонстрирање примери за обврските и задачите на учесниците во сообраќајот;<br>- објаснување на законските изрази за:<br>- учесници во сообраќајот;<br>- возила во патниот сообраќај ;<br>- патишта и нивните површини;<br>- други изрази. | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. РЕГУЛАТИВНИ МЕРКИ** | **20** | - Да го познава поимот, улогата и значењето на собраќајните знаци;<br>- да ја познава основната поделба на сообраќајните знаци;<br>- да ја објаснува употребата на сите групи на сообраќајни знаци;<br>- да го толкува значењето на дополнителните табли;<br>- да го познава значењето на светлосните сообраќајни знаци и светлосните ознаки;<br>- да ги познава ознаките на коловозот;<br>- да го разбере значењето на знаците што ги даваат овластените лица со помош на:<br>1. рацете и телото;<br>2. свирка;<br>3. палка, таблица и батериска светилка;<br>- да ја опишува улогата на возилата со првенство на минување и возилата под придружба. | - Дискусија за улогата и значењето на сообраќајните знаци;<br>- опишување на основната поделба на сообраќајните знаци;<br>- демонстрирање примери за правилно постапување и употреба на светлосните сообраќајни знаци;<br>- опишување односи за примена на светлосните сообраќајни знаци;<br>- објаснување на значењето на знаците што ги даваат овластените лица со помош на рацете и телото, свирката, таблицата и батериската светилка;<br>- укажување на приоритетот што го имаат возилата со првенство на минување и возилата под придружба:<br>- демонстрирање практични примери за правилната употреба на регулативните мерки за безбедно одвивање на сообраќајот. | Експлоата-ција на патни возила<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. ПРОПИСИ ЗА ВОЗАЧИТЕ НА ВОЗИЛА НА МОТОРЕН ПОГОН** | **18** | - Да ги објаснува условите и критеримите за стекнување право за управување со возила на моторен погон;<br>- да го опишува процесот на оспособување на кандидатите за возачи;<br>- да ја опишува постапката за полагање возачки испит и обврските што ги имаат возачите со добивањето на возачка дозвола;<br>- да го познава значењето и потребата од здравствените прегледи и контролата на алкохолизираноста на возачите за безбедноста во патниот сообраќај;<br>- да го познава прописот за времетраењето на управувањето на возачите со моторно возило;<br>- да ја објаснува должноста и обврската на возачот при превоз на опасни материи. | - Објаснување на условите и критериумите за стекнување на право на управување со возило на моторен погон;<br>- опишување на процесот на оспособување и полагање на возачки испит;<br>- укажување на значењето од здравствените прегледи на возачите за безбедно управување со моторните возила;<br>- дефенирање на времетраењето на управувањето на возачите со моторно возило;<br>- демонстрирање примери и давање објаснение за превозот на опасни материи. | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.ПРОПИСИ ЗА ВОЗИЛАТА НА МОТОРЕН ПОГОН** | **15** | - Да ги познава основните услови во поглед на димензиите, вкупните маси и осното оптоварување на моторните и приклучните возила;<br>- да го објаснува значењето на регистрацијата и техничкиот преглед на моторните и приклучните возила;<br>- да ги идентификува техничките услови за одредени уреди на моторните возила и тоа за:<br>-уред за управување;<br>-уред за сопирање;<br>-уреди кои овозможуваат нормална видливост;<br>-уред за давање звучни сигнали;<br>-уред за одвод на издувни гасови;<br>-уреди за осветлување и светлосна сигнализација;<br>-уреди за контрола и давање знаци. | - Објаснување на основните услови кои треба да ги исполнуваат моторните и приклучните возила од аспект на димензиите, вкупните маси и осното оптоварување;<br>- дискусија и објаснување примери од регистрацијата и техничкиот преглед на моторните и приклучните возила;<br>- објаснување на важноста на техничките услови што треба да ги исполнуваат уредите на моторните возила;<br>- демонстрирање примери од безбедносен аспект за следните уреди на моторните возила:<br>-уред за управување<br>-уред за сопирање<br>-уреди кои овозможуваат нормална видливост<br>-уред за давање звучни сигнали<br>-уред за одвод на издувни гасови<br>-уреди за осветлување и светлосна сигнализација<br>-уреди за контрола и давање знаци | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |
| **5. ВЛИЈАНИЕ НА ПАТОТ И ОКОЛИНАТА ЗА ОПШТАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ** | **9** | - Да ја познава класификацијата на патиштата;<br>- да разликува улица и пат;<br>- да ги опишува условите кои мора да ги задоволи јавниот пат;<br>- да ги познава составните делови на јавниот пат. | - Обаснување на основната поделба и дискусија за условите кои треба да ги задоволи јавниот пат;<br>- опишување на составните делови на јавниот пат;<br>- демонстрирање примери за влијанието на патот и патната околина за безбедноста во патниот сообраќај. | Експлоатација на патните возила<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.ОСНОВНИ СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ** | **20** | - Да ги идентификува основните сообраќајни правила кои се дефинирани во законот за безбедност во патниот сообраќај;<br>- да го објаснува значењето од познавањето на сообраќајните правила и прописи;<br>- да го познава значењето на правилата на одредени дејства со возилото во сообраќајот;<br>- да го познава значењето на безбедноста во сообраќајот при превоз на лица и товар и организирање на вонреден превоз. | - Објаснување на значењето на сообраќајните правила и прописи за безбедноста во патниот сообраќај;<br>- демонстрирање примери за дејствијата во сообраќајот и укажување на нивното влијание за уреден и безбеден сообраќај;<br>- објаснување на правилата и прописите за одредени дејства во сообраќајот, и тоа: вклучување во сообраќајот, брзина на движење, свртување, првенство на минување, разминување, престигнување и обиколување, запирање и паркирање, влечење на возила, употреба на светла во сообраќајот, работи на пат, сообраќај во тунел, сообраќај на велосипеди и велосипеди со мотор, движење на пешаци, обврска на возачите кон пешаците и др.<br>- објаснување на основните сообраќајни правила и укажување на значењето на безбедноста во сообраќајот при превоз на лица, товар и организирање на вонреден превоз. | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. ДОЛЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА** | **10** | - Да ги познава должностите на учесниците во сообраќајната незгода;<br>- да ги идентификува обврските кои ги имаат возачите кои учествувале во сообраќајна незгода;<br>- да ги познава обврските на лицата во својство на возачи или учесници во сообраќајот кога ќе наидат на местото каде се случила одредена сообраќајна незгода;<br>- да ги класифицира одговорностите на возачите и останатите учесници во сообраќајната незгода. | - Објаснување на должностите што ги имаат учесниците во сообраќајната незгода;<br>- демонстрирање на примери за однесувањето на учесниците во сообраќајната незгода;<br>- објаснување на должностите кои ги имаат возачите и останатите учесници во сообраќајната незгода;<br>- укажување на одговорностите кои ги имаат возачите и останатите учесници во сообраќајната незгода. | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |
| **8. ОДГОВОРНОСТ НА ВОЗАЧИТЕ** | **8** | - Да ги познава одговорностите кои ги има возачот на моторното возило при учество во сообраќај на пат;<br>- да ги познава одговорностите на возачите, и тоа:<br>• прекршочната одговорност,<br>• материјалната одговорност;<br>• кривичната одговорност;<br>- да го толкува значењето од примена на посебни воспитни мерки. | - Укажување на одговорноста што ја имаат возачите при управување со возило на пат;<br>- објаснување на разликите помеѓу различните видови на одговорност и тоа помеѓу: прекршочната одговорност, материјалната одговорност и кривичната одговорност;<br>- демонстрирање примери за различни видови на одговорност. | Експлоата-ција на патните возила<br>Практична настава |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Целите на наставниот предмет **безбедност и регулирање во патниот сообраќај** се реализираат со примена на наставните форми: фронтална, групна и индивидуална. Како наставни методи може да се користат: демонстрација, дискусија, решавање на проблеми, активна демонстрација на ученици, учење преку сопствено откривање и др.

Активности на ученикот: црта, набљудува, споредува, прибележува, чита, открива, учи независно и работи домашни задачи.

Активностите на наставникот се: организира и раководи активна и индивидуална дејност кај учениците,објаснува, организира и води дискусија, дава инструкции, пишува на табла, демонстрира, ги оценува задачите, поставува прашања, регистрира, оценува и ги анализира резултатите.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет **безбедност и регулирање во патниот сообраќај** се реализира во специјализирана училница за стручно-теоретска настава.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За ефикасно реализирање на целите на наставниот предмет **безбедност и регулирање во патниот сообраќај** се применуваат разни средства и помагала како: графоскоп, видеоснимки, слајдови, фотографии, компјутер, ЛЦД проектор и слично.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши перманентно, преку усно и писмено проверување на знаењата по секоја завршена тематска целина. Исто така, на крајот од полугодието и наставната година се проверуваат постигањата на учениците преку изготвени тестови на знаења од тематски целини реализирани во текот на полугодието и наставната година. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно на законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **безбедност и регулирање во патниот сообраќај** треба да ги поседува следните педагошки, персонални и професионални карактеристики: да е психофизички здрав, да владее со литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е комуникативен и отворен за соработка, да е соодветно професионално образован, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа, да е добар организатор, да е креативен и способен за примена на иновации во образовната технологија.

### 6.2.. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по сообраќај - насока патен сообраќај.
Наставниците треба да поседуваат педагошко- психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Воспитно-образованата работа по овој наставен предмет се реализира во специјализирана училница, опремена со соодветни наставни средства и материјали.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007. година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Ридван Зекири, дипл. маш. инж., раководител, советник, Министерство за образование и наука
2. Благоја Јованов, дипл. сооб. инж., наставник во АСУЦ "Боро Петрушевски" – Скопје
3. Гордана Кожуваровска, дипл. сооб. инж., наставник во СОУ ,, Таки Даскало” - Битола
4. Влатко Николоски, дипл. сооб. инж., Министерство за внатрешни работи

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **безбедност и регулирање во патниот сообраќај** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11-4398/1 од 12.06.2007 година.